ОГЛАС ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛЕН ЕКСПЕРТ ПРЕКУ ПРОЕКТОТ „ЗАЈАКНУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА МИНАМАТА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ЖИВА СО ФОКУС НА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЛОКАЦИИ КОНТАМИНИРАНИ СО ЖИВА "

Министерството за животна средина и просторно планирање, преку проектната канцеларија за неразградливи органски загадувачи (POPs) е во фаза на имплементација на проектот „Зајакнување на националните капацитети за имплементација на Минамата конвенцијата за жива со фокус на изработка на стратегија за процена на локации контаминирани со жива". Проектот има за цел зајакнување на националните капацитети за имплементација на Минамата конвенцијата за жива преку ажурирање на постоечките инвентари на жива, идентификување на националните приоритети во управувањето со живата, усвојување на сеопфатен Национален план за имплементација и изработка на Стратегија за проценка на локациите загадени со жива.

Јавниот оглас се однесува на следните позиции:

1. **Национален сениор експерт - за подготовка на Стратегија за идентификација на контаминирани локации/подрачја со жива**

**Локација:** Скопје
**Времетраење:** 3 месеци сметано од денот на потпишувањето на договорот за ангажирање

**Бруто месечен надомест:** 190.000 денари (предмет на персонален данок на доход)

**Опис на работното место и главни задачи:**

Националниот сениор експерт ќе биде ангажиран повремено за период од 3 месеци, за реализација на активности поврзани со четвртата компонента од проектот, односно подготовка на „Стратегија за идентификација на контаминирани локации/подрачја со жива". Улогата на националниот експерт е да обезбеди проектните активности поврзани со изработка на Стратегија за проценка на контаминирани подрачја со жива да резултираат со подготовка на сеопфатен документ кој ќе дефинира соодветни методи, техники и критериуми за идентификација и проценка на контаминирани подрачја со жива, методологија за приоритизација која би се применувала при секое ново идентификувано контаминирано подрачје со жива, а составен дел од Стратегијата би бил и општ Акционен План за реализација на истата преку дефинирани краторочни (3 годишен период) и долгорочни мерки и активности.

Во тесна координација со членовите на Проектниот тим, националниот сениор експерт ќе им помогне на проектните партнери во спроведувањето на проектните активности и резултати преку извршување на следново:

- Разгледување на ажурираниот Инвентар на извори на емисии со жива подготвен во рамките на тековниот проект;
- Преглед и анализа на постојна техничка документација и национална/општинска планска документација поврзана со идентификацијата на контаминирани подрачја,
- Дефинирање на прелиминарна листа на контаминирани подрачја со жива,
- Спроведување на иницијално рангирање на контаминираните подрачја користејќи ги постојните податоци за степенот на контаминација, расположливи лабораториски анализи од областа на животната средина или здравјето на луѓето, близината на населени места, ранливите рецептори околу подрачјето, присуството на водни текови во близината и др. Аспекти,
- Подготовка на Листа на контаминирани подрачја со жива, со нивните најважни карактеристики кои треба да бидат приоритизирани,
- Подготовка на нацрт Стратегија за проценка на контаминирани подрачја со жива, која ги вклучува следните елементи:
    - **Резиме**: (концизен преглед на главните наоди во Стратегијата; обврска на земјата за спроведување на Стратегијата; одговорни институции, национални приоритети и клучни прашања, цели за имплементација и потребите за ресурси);
    - **Вовед:** (основната цел на Стратегијата; правна основа на национално ниво и обврските во согласност со Конвенцијата од Минамата, кои се однесуваат на контаминација со жива; значење на проблемот со контаминација со жива; опсег на Стратегијата);
    - **Идентификација на контаминирани подрачја со жива** (преглед на историски информации за контаминација со жива; управување со контаминирани подрачја со жива; методи и техники за идентификација на контаминирани подрачја со жива и нивна приоритизација; дефинирање на листа на контаминирани подрачја со жива)
    - **Рангирање и приоритизација на контаминираните подрачја со жива** (рангирање на контаминираните подрачја користејќи ги постојните податоци за степенот на контаминација; користени критериуми за приоритизација и подготовка на Листа на контаминирани подрачја со жива кои треба да бидат приоритизирани)
    - **Акционен план со мерки за реализација на Стратегијата (краткорочни и долгорочни со** опис на предложените активности, надлежни органи, предвиден рок за реализација, индикатори за следење на реализацијата на мерките
- Состаноци со Проектниот Тим и со заинтересирани страни по потреба и учество на Работилница со цел запознавање на чинителите за главните наоди од нацрт Стратегијата за проценка на контаминирани подрачја со жива и Акциониот План;
- Врз база на добиените забелешки, коментари, финализирање на Стратегијата и Акциониот План.

**Општи услови:**

- Кандидатот да е државјанин на Република Северна Македонија;
- Да има општа здравствена способност за работното место,
- Да не му/и е изречена казна забрана за вршење професионална дејност или должност.

**Посебни услови:**

Ниво на квалификации

- Магистер или Доктор на науки во областа на природни и хемиски науки, технологија, животна средина или машинство;

Потребно искуство и познавање на областа за дадената позиција

- Најмалку 10 години искуство и одлично експертско познавање во областа на животна средина, управување со хемикалии;
- Познавање на целиот животен циклус на хемикалиите во индустриските процеси;
- Искуство во спроведување на Меѓународните конвенции за хемикалии, а особено на Минамата конвенцијата за жива. Учеството во работата на работни групи на Минамата конвенцијата ќе се смета за предност;
- Познавање на меѓународните прирачници за еколошки прифатливо управување со отпад кој содржи или е контаминиран со жива или живини соединенија, а особено прирачникот од UNEP „Прирачниик за идентификација и квантификација на ослободувањата на жива".

**НАЧИН НА АПЛИЦИРАЊЕ**

Пријавите треба да бидат поднесени на англиски јазик и истите треба да ги вклучат следните документи:

- Мотивациско писмо не подолго од една страна, во кое ќе се наведат главните причини за аплицирањето;
- Биографија во стандардизиран Europass формат;
- 1 (една) препорака од претходни ангажмани на исти/сродни позиции.

Пријавите се поднесуваат по електронски пат на следната адреса: s.andonova@pops.org.mk

Рокот за пријавување е 17. 02. 2026 год. до 23:59 часот (Средноевропско време).

Кандидатите ќе бидат евалуирани врз основа на претходно утврдена методологија, во рок од 5 работни дена од завршувањето на огласот. Овој рок може да биде продолжен во случај на поголем број на добиени апликации.